08-1361/5
05 -08- 2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година донесе

## *Одлука*

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-1361/1 од 11.04.2024 година.

Предметот со број 08-1361/1 од 11.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-1361/1 од 11.04.2024 година е оформен по анонимна пријава со наводи дека лицето ______________________ нема поднесено анкетен лист за престанок на функцијата член на ____________________.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето ______________________, во законски утврдениот рок по престанок на функцијата член на _________________________ не поднело анкетен лист со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог заведен со број 08-1361/3 од 09.05.2024 година.

Од страна на именуваното лице е постапено по однос на издадениот прекршочен платен налог и уплатено е половина од предвидената глоба.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Б.С., советник
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Претседател,
Татјана Димитровска